**Предмет:** Одговор на Барањето од МАРГИНИ- Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници и Хелсиншки Комитет за човекови права

Во врска со погоренаведеното Барање, Ве информирам за следното:

1. Во согласност со Методологијата за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021 Год., податокот за пол се генерира од ПП база преку ЕМБГ. За трансродовите лица во согласност со законскта регулатива со која се регулира работата на надлежната институција за издавање на ЕМБГ, во овој случај МВР, постои можност за промена на ЕМБГ врз основа на изјавата на овие лице. Тоа значи, дека во Пописот како и за останатите лица – единици на Попис, така и за оваа категорија на лица, полот ќе се генерира врз основа на ЕМБГ.
2. Во согласност со Методологијата за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021 год., податокот за Брачната состојба и предвидените модалитети за одговор на ова прашање се однесува на законската брачна состојба на лицата како главен белег -што е во согласност со Законот за брак и семејство, а се однесува само на заедница на маж и жена. Значи на ова прашање овие лица – единици на попис, ќе одговорат немажени-неженети.
3. Во согласност со Методологијата за Попис на населението, домаќинствата и становите во РСМ, 2021 год., постои и сет прашања преку кои на индиректен начин како изведен белег ќе може да се обезбеди податок за лицата кои живеат во исополови вонбрачни заедници. Значи лицата ќе се изјаснат дека живеат во вонбрачна заедница, а врз основа на полот и белезите за положбата на лицата во домаќинството и семејството ќе се добие податокот за лицата и нивниот стату во домаќинството/ семејството.
4. За одговор на прашањето за положбата во семејството, оваа категорија на лица треба да одговори со предвидениот модалитет: партнер или партнерка во невенчана заедница.

Дата:06.04. 2021г.

Раководител на одд. за статистика на населението

Дијана Крстевска